Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-560/3

Скопје 24.04 20 25

До
[redacted]

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање од [redacted] со бр.16.1.2-560/1 од 14.04.2025 година, го донесе следното,

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-560/1 од 14.04.2025 година, **<u>по извршените проверки во надлежните организациски единици и согласно податоците со кои располагаме</u>**, Ве известуваме дека Одделот за финансиски прашања постапува согласно Договори за соработка доставени преку правна служба и по истите спроведува задршка од плата на вработени по основ синдикална членарина по претходно доставени дописи од страна на синдикатите и тоа заклучно со плата за месец 03/2025 година спроведена е задршка по основ синдикална членарина, како што следи:

- За Македонски Полициски Синдикат – 8.133 вработени.
- За Грански Независен Синдикат – 3.317 вработени.
- За Синдикат на Полицијата на Македонија – 851 вработени.
- За Синдикат на Македонската Полиција – 37 вработени.
- За Самостоен Полициски Синдикат – 34 вработени.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

Сектор за односи со јавност и протокол

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до Оддел за финансиски прашања, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Марија Јаковлеска**
**Контролирал: Гоце Андреевски**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Мухамед Исмаиљи**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015